ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ®

БИТОЛА - Р.МАКЕДОНИЈА
Индустриски дел б.б. • Поштенски фах 74 • Централа 047/ 239-200 • Факс 047/233-595
Генерален директор 047/224-522 • http://www.fustelarko.com.mk • contact@ fustelarko.com.mk
ж-ска:500-129-28 • Даночен број:МК4002991117706 •Депонентна банка: Стопанска банка Битола

# К О Д Е К С
## ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ
## НА АД „ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ“ ЗД БИТОЛА

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со Кодексот за корпоративно управување на АД „Фустеларко Борец“ Заштитно друштво Битола (во понатамошниот текст: Друштвото) се уредуваат основните начела и принципи за корпоративно управување, како збир од заемни односи меѓу Одборот на директори, акционерите на Друштвото и другите заинтересирани субјекти. Под „други заинтересирани субјекти“ се подразбира сите комитенти со кои соработува Друштвото.

Друштвото ги усогласува одредбите од овој Кодекс, со одредбите на: Статутот на АД „Фустеларко Борец“ Заштитно друштво Битола; Законот за трговски друштва; Законот за хартии од вредност; со што се обврзува кон нивна примена.

Корпоративно управување претставува начин на кој се води и контролира Друштвото. Успешноста на корпоративното управување и на одржливиот економски раст се резултат на доброто управување кое се потпира на економијата и правото. Корпоративното управување е од особена важност за спроведување на високи стандарди на управување и деловна етика, што е клучен услов за успешна работа на пазарот на трудот.

Во основа, корпоративно управување претставува стандардизација на процесите, процедурите и однесувањето во Друштвото, што се темели на принципите на одговорност, транспарентност и контрола во одлучувањето, во секојдневното работење, како и во известувањето за состојбите во Друштвото.

Ваквото корпоративно управување во Друштвото се обезбедува преку:

1. Јасно определена организациска структура, стратешки цели и ефективен систем на управување со Друштвото, со прецизно дефинирани права и обврски кои се однесуваат на членовите на Одборот на директори и акционерите;
2. Ефикасни механизми на внатрешна контрола во Друштвото, при што се вклучени детални административни и сметководствени процедури;
3. Ефикасни процедури за управување со ризици на кои е изложено Друштвото во својата деловна активност;
4. Постигнување на баланс на интересите помеѓу другите заинтересирани субјекти, членовите на Одборот на директори и акционерите;
5. Усогласеност со македонските закони и Статутот на Друштвото.

АД „Фустеларко Борец“ Заштитно друштво Битола се обврзува да ги применува одредбите од овој Кодекс.

## II. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ

### 1.1. <u>Податоци за историјата и развојот на издавачот;</u>

**1.1.1. полн назив, фирма и седиште на издавачот (адреса и телефонски број);**

Акционерско друштво за производство на амбалажа од хартија и картон ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ Заштитно друштво АД Битола, Скратен назив ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ, седиште во Битола на ул.Индустриска бб и контакт телефон +389 47 239 200

**1.1.2. датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото;**

Датум на регистрација на компанијата е 18.12.1996 година со матичен број 4041561

**1.1.3. датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време;**

Друштвото е формирано во 1971 година, со заедничко вложување на домашен и странски капитал од Италија со 49%. По 10 годишно успешно работење, странскиот партнер е исплатен и друштвото продолжува со работа самостојно. Во 1989 се регистрира како заштитно друштво за вработување на инвалидни лица, кој статус го има и денес. Со законот за трансформација на општествениот капитал во 1991 г. Фустеларко Борец се трансформира во акционерско друштво при што како единствен правен наследник произлегува сегашното друштво ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ АД БИТОЛА.

**1.1.4. правна форма на друштвото и законите врз основа на кои работи;**

Фустеларко Борец АД Битола е организирано како акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва.

Друштвото ги почитува и работи согласно Законот за трговски друштва, Законот за облигациони односи и сите подзаконски акти кои го регулураат работењето на друштвото.

# III. ПРИНЦИПИ НА КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ

## 1. Принцип за остварување на правата и интересите на акционерите

Друштвото на секој акционер му ги гарантира правата кои ги има стекнато од акциите, како што е предвидено во законот и Статутот на друштвото. Секој акционер има право да учествува во работата на Собранието, да дава предлози, да поставува прашања и да добива одговори. Секој акционер кој е сопственик на акции со право на глас, има право да учествува во донесувањето на одлуките на Собранието. Акционерите имаат право да бидат информирани за активностите и работата на Друштвото.

## 2. Принцип на транспарентност на сопственичката структура

Согласно законските одредби, Друштвото доставува известувања и информации за промени во нејзината акционерска структура. Информациите кои се однесуваат на хартиите од вредност издадени од Друштвото се објавуваат редовно и навремено на веб страницата на Друштвото, согласно процедурите утврдени со Закон.

## 3. Принцип на општествена одговорност и развивање на партнерски односи

Друштвото ја прифаќа одговорноста за своите корпоративни активности: кон акционерите, во смисла на нејзиното работење; кон клиентите, во смисла на квалитетот на услугите кои ги извршува; кон деловните партнери, во смисла на спроведување на нејзините обврски; кон општеството и државата, во смисла на почитување на поединците и нивните права и слободи.

## 4. Принцип на ефикасно управување

Друштвото има долгорочни стратешки цели за остварување на ефикасно корпоративно управување. Одборот на директори активно го следат неговото остварување и обезбедуваат подобрување на работењето во насока на остварување на целите поставени со стратегијата.

## 5. Принципи на поделба на надлежностите

Друштвото има поставено јасна организациска структура, со прецизно дефинирани права и одговорности. Правата и обврските, процедурите за формирање и функционирање на раководните органи на Друштвото се утврдени со Статутот на Друштвото и нивните привилегии, согласно законските барања.

## 6. Принцип на редовна и ефикасна контрола и ревизија на работењето на Друштвото

Собранието на Друштвото назначува овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи ако Друштвото има обврска да ги подготвува.

## 7. Принцип на спроведување на законите, на етичките и моралните стандарди

Друштвото сите свои активности ги извршува во согласност со законите и подзаконските акти, како и во согласност со принципите за корпоративната и деловната етика.

## 8. Принцип на независност и објективност

Органите во Друштвото се обврзани одлуките да ги донесуваат објективно и независно. При извршување на своите обврски се должни да постапуваат со чесност, интегритет, да избегнуваат судир на интереси и интересите на Друштвото да ги ставаат пред своите лични интереси.

## 9. Принцип на информирање и односи со јавноста

Друштвото јавно ги објавува годишната сметка и финансиските извештаи по нивното усвојување од страна на Собранието на Друштвото, навремено и во целост. Друштвото, редовно и навремено, обезбедува лесно достапни, целосни, релевантни, разбирливи и документирани информации во врска со нејзиното работење на акционерите, инвеститорите и другите заинтересирани субјекти на кои им се потребни. При објавувањето на информациите, Друштвото води грижа за обврската за заштита на доверливите информации, информациите кои претставуваат деловна тајна и сл.

## 10. Принцип на заштита на доверливи информации и забрана на конкуренција

Како деловна тајна се сметаат исправите и податоците од работењето на друштвото кои се определени со Правилникот за деловна тајна. Вработените во Друштвото се обврзани да ги чуваат како доверливи информациите стекнати при извршување на нивните работни обврски и информациите кои претставуваат деловна тајна. Доверливите информации може да бидат соопштени или објавени само во случај и на начин предвиден со закон. Секој работник во друштвото кој на било кој начин ќе дознае некоја исправа или податоци кои се сметаат како деловна тајна е должен да ја чува деловната тајна.

## IV. СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО – ПОСТАПКА ЗА СВИКУВАЊЕ, ГЛАСАЊЕ И ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ

Соглсно Статутот на Друштвото, Собранието го сочинуваат сите иматели на акции. Собранието може да одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, а да расправа и за прашања кои не се ставени на дневен ред ако се одлучи на седница.

На секој акционер му припаѓа правото на учество во работата на Собранието и правото на гласање, ако со законот поинаку не е определено.

Правото на учество го опфаќа и правото на учество во расправата.

Собранието расправа и одлучува на седница.

Во работата на Собранието учествуваат акционерите лично или преку застапници. Именувањето на застапниците се врши со писмено полномошно заведено од надлежен орган кое се испраќа во друштвото и мора да биде доставено најмалку три дена пред одржувањето на седницата.

Еден застапник може да претставува најмногу 20% од преставената главнина.

Собранието одлучува за прашања определени со Законот за трговски друштва и тоа:

1) измена на Статутот;

2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работа на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;

3) ги избира членовите на Одборот на директори

4) одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на органот на управување;

5) промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;

6) зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;

7) издавање акции и други хартии од вредност;

8)назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи ако друштвото има обврски да ги подготвува;

9) преобразба на друштвото во друга форма на друштвото како и за статусните промени на друштвото и

10) престанување на друштвото.

Собранието на друштвото се свикува во случаите одредени со закон и овој Статут, како и кога тоа го бара интересот на друштвото.

Собранието се свикува најдоцна три месеци по составувањето на годишните сметки и годишниот извештај со цел:

1. Да се испитаат годишните сметки и годишниот извештај и да се донесе одлука за нив;

2. Да одлучи за употреба на чистата добивка или за покривање на загуба; и

3. Да ја одобри работата на членовите на Одборот на директори.

Собранието на друштвото секоја година по завршувањето на деловната година одлучува за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори. Ако тоа го бара еден или повеќе акционери кои поседуваат акции што претставуваат најмалку една десеттина од основната главнина или ако така одлучи Собранието, за одобрување на работа на членовите на органите на друштвото се гласа одделно за секој член на органот.

Расправата за одобрување на работата на член на органите на друштвото мора да биде поврзана со расправата за билансот на успехот на друштвото.

Собранието на друштвото дава одобрение за начинот на кој е остварувано управувањето со друштвото од страна на Одборот на директори.

Членовите на Одборот на директори за свикување на Собранието на друштвото одлучуваат со просто мнозинство.

Барање за свикување на Собрание на акционерско друштво можат да поднесат и акционерите чиј заеднички удел во друштвото изнесува 10% од основната главнина. Барањето го поднесуваат по писмен пат, при што ги наведуваат целта и причините за свикувањето на Собранието на друштвото. Барањето се доставува до Одборот на директори.

Ако во рок од 30 дена по барањето на акционерите Собранието на друштвото не биде свикано, надлежниот суд во вонпроцесна постапка го свикува Собранието или ги овластува акционерите кои барале свикување на Собранието или нивни застапник да го свикаат Собранието.

Собранието на друштвото се свикува со покани до секој акционер или преку дневен весник.

Поканата мора да ги содржи следните податоци:

1. Фирма и седиште на друштвото.

2. Место и дата на одржувањето на Собранието.

3. Други формалности, пропишани со овој Статут што се од значење за присуството на Собранието.

4. Одредбата од овој Статут со која е дадена можност за именување на застапник.

5. Дневен ред.

Рокот кој тече од денот на испраќањето на поканите, односно на објавување на повикот до денот на одржувањето на Собранието изнесува 30 дена.

Собранието може да ги отповика сите или поедини членови на Одборот на директори и пред истекот на мандатот за кој што биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас претставени на Собранието. На истата седница на местото на отповиканите се избираат нови членови.

Седниците на Собранието на друштвото, по правило се одржуваат во седиштето на друштвото, а можат да се одржуваат и во друго место.

За местото на одржувањето на седниците на Собранието одлучуваат членовите на Одборот на директори.

За акционерите присутни на Собранието се составува список на присутните во кој се назначува името и адресата на акционерот, односно на неговиот застапник и на акциите и бројот на гласовите кои по основа на акциите му припаѓаат на секој акционер. Списокот на присутните со свој потпис го заверуваат претседавачот на Собранието и записничарот.

Списокот на присутните им се дава на увид на сите учесници на Собранието на друштвото пред првото гласање. Секој акционер може да бара препис на списокот на свој трошок.

Собранието може да одлучува ако на седницата присуствуваат акционери кои поседуваат најмалку половина од акциите со право на глас плус една акција

Ако на Собранието не се обезбеди присуство од став 1 на овој член, за време од 15 дена се свикува повторно Собрание, кое може да одлучува по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги поседуваат, освен за прашањата за кои со овој закон е определено одлучувањето со соодветно мнозинство.

Акционерите кои го докажале своето право на учество на првото Собрание, го задржуваат тоа право на повторното Собрание, во колку не настапиле околности за измена на уписот во акционерската книга.

Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од гласовите на сите присутни или претставени акционери, освен кога се одлучува за именување и разерешување на членовите на органите на друштвото, ревизорите на годишните сметки и контролите на управување со друштвото за кои е потребно мнозинство од вкупните акции.

Акционер кој за своја сметка или за туѓа сметка во определена работа има спротивен интерес од интересот на друштвото, а знае дека интересите се спротивни, не смее ниту лично ниту преку застапник да гласа во поглед на таа работа во свое или во туѓо име.

Ако постапи спротивно на став 1 од овој член, одговора за штета која друштвото би ја претрпело, освен ако докаже дека мнозинството би било постигнато и без неговиот глас.

Акционерите правото на глас го остваруваат според бројот на акциите што го имаат.

Начинот на гласањето по предлог од претседавачот го определува Собранието. За сите именувања, за предлозите за разрешување на член на Одборот на директори или за повикување на одговорност гласањето е тајно.

Одлуките на Собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето, ако влегувањето или стапувањето во сила не е одложено на определено време .

Одлуките што се однесуваат на измените на овој Статут, зголемувањето и смалувањето на основната главнина, преобразбата и престанокот на друштвото, именувањето и разрешувањето на органите на друштвото се запишуваат во трговскиот регистар и влегуваат во сила со денот во трговскиот регистер.

Собранието за секоја седница избира претседавач за водење на седницата, записничар, два оверувачи на записникот и бројач на гласови од редот на акционерите.

Претседавачот со Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата.

Претседавачот со Собранието се избира за секое одделно Собрание.

Мандатот на претседавачот трае до изборот на претседавачот на наредното Собрание кое што треба да биде одржано.

За претседавач може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер освен член на Одборот на директори.

Барањето за свикување на седница на Собранието се доставува до Одборот на директори со предлог на дневен ред. Одборот на директори мора да го објави свикувањето на Собранието на начин и рокови утврдени со овој Статут.

Ако Одборот на директори не го стори тоа во рок од 3 дена од доставувањето на барањето за свикување на Собранието на друштвото, свикувањето се врши од субјектите кои согласно овој Статут имаат право за свикување.

Заради одржување на редот на седницата на Собранието претседавачот може да ги предупреди акционерите и другите учесници, да им го одземе зборот и да ги отстрани од седницата на Собранието тие што суштествено го нарушуваат редот и работењето.

Претседавачот може да му го одземе зборот на учесникот во работата на седницата на Собранието кој не се придржува кон дневниот ред или кој со своето истапување ја нарушува работата на седницата на Собранието на друштвото или го оневозможува учеството на другите во работата на Собранието.

Претседавачот може да го отстрани учесникот од седницата на Собранието во случај ако го предупредил или му го одзел зборот, а тој и понатаму не се придржува кон редот на седницата, како и учесникот кој непристојно се однесува, ги навредува другите и со тоа ја оневозможува работата на Собранието.

Мерките изречени заради одржување на редот на седницата се однесуваат само за седницата на која се изречени.

Собранието работи на седница. Седниците се одржуваат најмалку еднаш годишно.

Седницата може да се свика и по потреба кога тоа го бараат интересите на друштвото.

Собранието го отвора претседавачот на Собранието.

Претседавачот прво ќе утврди дали е претставен доволниот дел од основната главнина. За таа цел на Собранието Ќе се води список на присутните акционери со назнака на гласовите кои им припаѓаат по бројот на нивните акции.

Без согласност на мнозинството, претседавачот неможе да го измени редот на точките на дневниот ред или да симне некој предмет од дневниот ред.

За работа на Собранието на друштвото се води записник.

## V. ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Управувањето со друштвото е организирано според едностепен систем (Одбор на директори).

Одборот на директори брои пет членови, од кои два члена се извршни членови на Одборот на директори (во натамошниот текст: извршни директори, а три членови се неизвршни членови на Одборот на директори (во натамошниот текст: неизвршни членови).

Еден неизвршен член на Одборот на директори Собранието го избира како независен член на Одборот на директори. При изборот на членовите на Одборот на директори се назначува кој член се избира како независен член на Одборот на директори.

Сите членови на Управниот одбор во согласност со нивната положба имаат исти права и обврски.

Собранието ги избира членовите на Одборот на директори.

Членовите на Одборот на директори се избираат за период од шест години, со можност да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани.

### Начин на избор на извршните членови

Изборот на извршните членови на Одборот на директори се врши со јавно гласање со мнозинство гласови од сите членови на одборот на директори. Еден од членовите на одборот на директори, избран за извршен член го носи називот Генерален извршен директор и го застапува друштвото во односите со трети лица. Генералниот извршен директор посебно е одговорен за прашањата на вработените и односите со нив и го води работењето на извршните членови и на негов предлог одборот на директори ја утврдува внатрешната организација и начинот на којшто се врши координацијата на водењето на работењето на друштвото.

Вториот член на одборот на директори, избран за извршен член го носи називот Извршен директор по комерцијалното работење.

Извршниот директор по комерцијално работење, раководи со комерцијалното работење на друштвото го прати процесот на работа во комерцијалниот сектор и дава предлог одлуки, мислења, заклучоци до

Генералниот извршен директор  и одборот на директори за правилно спроведување на работењето во комерцијалниот сектор.

За извршен член на одборот на директори - Генерален извршен директор може да биде именувано физичко лице кое е деловно способно и покрај општите услови утврдени со закон, да поседува стручност и професионалност особено во графичката дејност, а покрај тоа и во економско-финансиската, организационата, комерцијална, правна и друга сфера и да е реномиран и потврден стручњак и да ужива авторитет за обавување на таа функција.

## Претседател на одборот на директори

Одборот на директори, од редот на своите неизвршни членови со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот на директори, избира претседател на одборот.

Одборот на директори може да го разреши претседателот во кое било  време и да избере нов претседател.

Претседателот на одборот на директори ги свикува и претседава со состаноците, одговорен е за водењето евиденција за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и одлучување на одборот на директори.

Ако претседателот од кои и да е причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е отсутен, со состаноците на одборот на директори претседава друг неизвршен член, со мнозинство гласови на присутните членови на одборот на директори.

Одборот на директори управува со друштвото. Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на друштвото, а особено:

1. донесување програма за работа, програма за развој, годишен план за работа и годишен финансиски план на друштвото,

2. ја утврдува деловната политика,

3. назначува раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото,

4. поднесува иницијатива за изменување и дополнување на статутот,

5. донесува одлуки за инвестиции,

6. донесува одлуки за одобрување на договори за инвестициони вложувања,

7. донесува одлуки за давање односно земање на кредити во врска со остварување на планот за работа,

8. одобрува склучување на договори од поголемо значење и со подолг период на траење,

9. одлучува за внатрешна организација на друштвото и систематизација на работните места, како и сите други акти потребни за работа на друштвото

10. одлучува за употреба на посебната резерва,

11. одлучува за престанок на работен однос на работници од деловни причини и други промени, кои предизвикуваат потреба од намалување на бројот на вработените, согласно позитивните законски прописи,

12. одлучува за прашања од областа на одбраната и донесува програми во услови на војна,

13. одлучува по приговорите за заштита на правата на работниците, во случаи утврдени со закон,

14. одлучува за преземање на мерки за заштита при работа, противпожарна заштита и унапредување на животната средина,

15. се грижи и презема потребни дејствија за исполнување на со закон пропишани обврски на друштвото,

16. одлучува за вршење попис на средствата, побарувањата и обврските,

17. формира комисии од редот на членовите на Одборот на директори и од други лица,

18. одлучува за набавка на основни средства,

19. одлучува за расходување и отуѓување на основни средства,

20. одлучува за издавање на основните средства на друштвото под закуп,

21. ги определува овластените потписници на друштвото,

22. одлучува за склучување на колективен договор,

23. донесува деловник за работа,

24. донесува одлуки за финансиска помош, спонзорства и донации,

25. донесува одлуки за склучување на инвестициони вложувања за стекнување и отуѓување на недвижности и слични одлуки кои не се во надлежност на собранието и генералниот извршен директор,

26. поднесува годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото по истекот на деловната година,

27. одлучува за задолжување со кредити, купување и отуѓување на недвижности и средства на друштвото согласно позитивните законски прописи,

28. одлучува за давање на прокура,

29. врши и други работи кои не се во надлежност на собранието и на извршниот член на одборот на директори - Генералниот извршен директор.

Одборот на директори не може да ги пренесе врз извршните членови овластувањата кога се одлучува за:

1. затворање /престанување/ или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото,

2. намалување или проширување на предметот на работење на друштвото,

3. суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на друштвото,

4. воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување,

5. основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десетина во основната главнина на друштвото.

Другите права и обврски на Одборот на директори, покрај правата и обврските утврдени со овој Статут, можат да се утврдат со договор склучен меѓу членовите Одборот на директори и друштвото.

Правата и обврските на извршните членови на одборот на директори, покрај правата и обврските определени со закон и овој статут, се определуваат и со договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршниот член на одборот на директори. Од името на друштвото договорот со изврниот член на одборот на директори го склучуваат неизвршните членови на одборот на директори, а го потпишува претседателот на одборот на директори.

Генералниот извршен директор го води работењето на друштвото и има најшироки овластувања да ги врши сите работи сврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на одборот на директори и вршењето на тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности од името на друштвото, а особено:

1. го претставува и застапува друштвото без ограничување во внатрешниот и надворешниот трговски промет

2. го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на собранието и на одборот на директори на друштвото

3. ја утврдува материјалната одговорност на работниците,

4. го организира и го раководи процесот на работа и работењето на друштвото,

5. предлага внатрешна организација на друштвото,

6. склучува договори,

7. ја организира и обезбедува работната дисциплина во друштвото,

8. ја обезбедува законитоста во работата и примената на прописите, со овој статут и другите акти на друштвото,

9. се грижи за остварување на обврските на друштвото од областа на одбраната,

10. изготвува елаборат за организациони промени и други промени, кои предизвикале потреба од намалување на бројот на вработените,

11. одлучува во прв степен за поединечните права, обврски и одговорностите на работниците, и други права од работен однос,

12. формира стручни комисии и работни тела,

13. го информира одборот на директори за одделни прашања од работењето на друштвото,

14. за работите од својата надлежност издава акти, упатства, налози и наредба со кои се обезбедува работењето на друштвото,

15. одлучува за работниот придонес на работниците, за особени заслуги во извршувањето на работните задачи, на вработен може да даде и награда во висина од најмногу три просечни плати на друштвото остварени во месецот кога се дава наградата,

16. одлучува за службени патувања во земјата и странство,

17. најмалку еднаш на три месеци му поднесува на одборот на директори пишан извештај за работењето на друштвото,

18. по истекот на деловната година до одборот на директори поднесува годишна сметка , годишни финансиски извештаи за работењето на друштвото,

19. врши и други работи во врска со работењето на друштвото.

На барање на неизвршните членови на одборот на директори генералниот извршен директор составува посебен извештај за состојбата на друштвото или за некое прашање од неговото работење.

Неизвршните членови на Одборот на директори можат сами или да задолжат кое било вработено лице во друштвото да превземат дејствија заради стекнување увид во работењето на друштвото и управувањето со него од страна на извршните членови на одборот на директори.

Секој неизвршен член на одборот на директори заради извршување на својата функција, има право да ги разгледува сите извештаи, акти и документи што извршните членови на одборот на директори ги доставува на неизвршните членови на одборот на директори.

Одборот на директори може да работи и одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, од кои бројот на присутните неизвршни членови на одборот на директори мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови на одборот на директори.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од кворумот определен во став 1 на овај член.

Гласот на претседателот на Одборот на директори е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

За работата на Одборот на директори се води записник. Записникот мора да ги содржи имињата на присутните членови, предметите за кои се расправало и за донесените заклучоци и одлуките со назначување на соодносот на гласовите. Секој член на Одборот на директори кој гласал против заклучокот или одлуката, може да бара причините за неговото мислење и став накусо да се внесат во записник. Записникот го потпишуваат претседателот на Одборот на директори и записничарот кој го избра претседателот.

Записникот го води записничарот, со фаќање на белешки. Во рок од три дена истиот се изготвува.

Записникот со потпишувањето се доставува до членовите на Одборот на директори и архива, а одлуките до лицата на кои се однесуваат.

Извршните членови најмалку еднаш во три месеци му поднесуваат на Одборот на директори пишан извештај за работењето на друштвото.

На барање на неизвршните членови на одборот на директори генералниот извршен директор составува посебен извештај за состојбата на друштвото или за некое прашање од неговото работење.

Неизвршните членови на Одборот на директори можат сами или да задолжат кое било вработено лице во друштвото да превземат дејствија заради стекнување увид во работењето на друштвото и управувањето со него од страна на извршните членови на одборот на директори.

Секој неизвршен член на одборот на директори заради извршување на својата функција, има право да ги разгледува сите извештаи, акти и документи што извршните членови на одборот на директори ги доставува на неизвршните членови на одборот на директори.

Членовите на Одборот на директори мораат да ги вршат своите работи со внимание на уреден и совесен трговец и да ја чуваат деловната тајна.

Членовите на Одборот на директори кои ќе извршат повреда на своите обврски во однос на друштвото му одговараат на друштвото за причинетата штета како солидарни должници. Во случај на спор членовите на Одборот на директори мораат да докажат дека постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

Членовите на Одборот на директори не се сметаат одговорни за штетата ако работел врз основа на одлука на Собранието на друштвото, која ја усвоиле и покрај тоа што му укажале дека е спротивна на овој закон.

Ако член на Одборот на директори грубо ја повреди својата должност да постапува со внимание на уреден и совесен трговец, барање за надомест на штета може да поднесат и доверителите на друштвото ако своите побарувања не може да ги надмират од друштвото.

Барањата за одговорност застаруваат за пет години.

Собранието може да ги отповика сите членови на одборот на директори и пред истекот на времето за коешто биле избрани.

Извршен член на одборот на директорите може да биде отповикан од страна на одборот на директори во кое било време, со или без образложение.

Извршниот член кој е отповикан има право да бара надомест на штета ако е така определено со договор.

Член на Одборот на директори може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал.

Членовите на Одборот на директори можат да учествуваат и одлучуваат на состанок организиран со користење на телефонска врска, И друг вид медиум. Учеството на ваквиот состанок се евидентира во записник и се смета за присуство.

Членовите на Одборот на директори може да донесуваат одлуки по поднесен предлог од член и без одржување на состанок, ако сите членови дадат согласност за одлуката што се донесува.

Ваквите одлуки се евидентираат на записник составен од претседателот или физичко лице кое ќе биде именовано.

# VI. ФАКТОРИ НА РИЗИК

Во нормалниот тек на спроведување на своите деловни активности друштвото е изложено на повеќе различни ризици со различен степен на изложеност. Управувањето со ризици се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимизирање на потенцијалните негативни ефекти врз финансиското работење на компанијата.

### 1.1. Податоци за факторите на ризик специфични за издавачот и за индустриската гранка на која и припаѓа.

1. Производ наменет за познат купувач.

АД Фустеларко Борец е производна фирма која работи амбалажа за познат купувач и поради тоа овој фактор на ризик е е ден од најчестите и најголемите ризици во оваа гранка. Имено нашето производство , обемот како и видот на амбалажата зависи од нашиот купувач и спецификите на неговото работење. Пласман на нивен нов производ, значи пласман на наша нова амбалажа. Потоа, самото тоа што амбалажата е наменета за познат купувач, повлекува ризик да таа не се пласира, а не постои можност за нејзина пренамена, што би значело неупотреблив производ.

2. Изработка на мали серии.

Големи серии-поголем профит, мали серии-помал профит. Ризик кој се почесто е присутен во нашата гранка. Изработката на мали серии од амбалажа, со себе повлекува многу поголеми трошоци посебно во делот на припрема на опремата.

3. Појава на мали печатници.

На македонскиот пазар се присутни се повеќе мали печатници кои иако имаат мал капацитет, и неможност да одговорат на потребите на потенцијалните купувачи, сепак постои ризикот од нелојалност во комкуренцијата што влије на намалување на цените на готовие производи.

4. Наплата на побарувањата.

Потешкотиите при наплатата на побарувања се присутни во целото стопанство. За да можи една компанија да функционите и да одговори на сите обврски кои произлегуваат од барањето, посебно е битна нејзината солвентност и располагање со готви парични средства. Иако постојат инструменти за наплата загарантирани со позитивните правни

прописи, сепак наплатата на побарувањата е клучен фактор за опстојувањето на една компанија.

5. Набавка на основна суровина.

Претходниот фактор, наплата на побарувања , е тесно поврзан со набавката на основните материјали за производство. Основната суровина, односно картонот се набавува од странски пазари, и договорите со нашите комитенти се така поставени да се бара плаќање до истекот на валутата, а со самото тоа се јавува ризик од потешкотии при набавка на картонот. Исто така , поради тоа што набавката се врши од странски пазари, постои ризик од каснење на суровината, што повлекува каснење на целокупното производство.

**1.2. Податоци за фактори на ризик кои се од материјално значење за акциите кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие акции.**

1. Ризик од курсни разлики

Друштвото е директно изложено на ризик од курсни разлики бидејќи има средства и обврски искажани во странска валута.

Се користат официјални девизни девизни курсеви за конверзија на ставките од Извештајот за финансиска состојба искажани во странска валута во денар на 31 декември. Друштвото не користи финансиски деривативи.

2. Каматен ризик

Друштвото е изложено на ризик од промени во каматните стапки кој преку промена на нивото на пазарните каматни стапки влијае врз неговата финансиска состојба и паричните текови.

3. Ценовен ризик

Друштвото не е изложено на ценовен ризик поврзан со основачки вложувања бидејќи нема вложувања класифицирани во Извештајот за финансиска состојба како расположливи за продажба или според објективната вредност преку искажување на капитална добивка или загуба.

4. Кредитен ризик

Кредитниот ризик произлегува од пари и парични средства, депозити во банки и финансиски институции, како и од кредитна изложеност кон

корпоративни и клиенти од малопродажбата, вклучувајќи ги побарувањата и обврските.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик произлегува од неможноста навремено да се наплатат сите побарувања од купувачи. Кредитниот ризик на Друштвото е ограничен со диверзификација на продажбата на Друштвото на поголем број на помали купувачи и нема значајна концентрација на кредитен ризик кај поединечно значајни купувачи.

5. Управување со капиталниот ризик

Друштвото има усвоен концепт за финансискиот капитал и неговото зачувување според кој капиталот е дефиниран на база на номинални парични единици. Целите на Друштвото во врска со управувањето на капиталот се зачувување на способноста на да продолжи да работи врз основа на претпоставката за континуитет за да се зачува оптимална капитална структура која би го намалила трошокот на капитал и би обезбедила приноси за сопствениците.

6.Проценки на објективната вредност

АД Фустеларко Борец има политика за обелоденување на информации за објективната вредност на оние компоненти од средствата и обврските за кои се расположливи пазарни цени и за оние кај кои објективната вредност може значително да се разликува од сметководствена вредност. Во Република Северна Македонија не постои доволно ниво на пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купопродажба на побарувања и други финансиски средства или обврски и оттука за истите во моментов не се расположливи пазарни цени. Како резултат, во отсуство на активен пазар, објективната вредност не може да биде утврдена на веродостојна основа. Раководството на Друштвото ја проценува севкупната изложеност на ризик и во случаи кога проценува дека вредноста на средствата според која се евидентирани во сметководството не би можела да биде реализирана, се врши исправка на вредноста.

Раководството на Друштвото смета дека искажаните сметководствени износи се највалидни и најкорисни извештајни вредности при постојните пазарни услови.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Кодексот за корпоративно управување стапува на сила на денот на неговото донесување од страна на Одборот на директори.

Друштвото континуирано ќе ја следи усогласеноста на активностите со одредбите од овој Кодекс.

При донесување на измени и дополнувања на Кодексот, истите стапуваат на сила на денот на нивното донесување од страна на Одборот на директори на Друштвото.